Врз основа на член 108 од Законот за основно образование (Сл. Весник на РСМ бр.161/19 и 229/20) Училишниот одбор при ООУ „Св. Климент Охридски“ Битола на седницата одржана на ден 23.02.2023 година го донесе следниот

## КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

ООУ „Св.Климент Охридски“- Битола е училиште кое е препознатливо со својата работа во средината во која се наоѓа.

Основна цел на Училиштето е воспитание, образование како и грижа на учениците кои се на училишна возраст. Работејќи според сите стандарди кои ги налага модерното време и современиот начин на живот ова училиште им нуди на сите ученици настава која е поткрепена со најсовремените методи на работа.

На тој начин сите ученици добиваат еднаков третман од наставниците и имаат еднакви можности за да го развијат својот потенцијал и да ја искажат својата креативност.

Основни цели и карактеристики на универзалната етика на ова основно училиште се: достојно извршување на функциите на сите вработени во училиштето, унапредување на наставната дејност, ширење на културата која е изградена и втемелена во работата на училиштето, почитување на традициите кои ги има училиштето, соработка со останатите училишта како и со Педагошкиот факултет во Битола и сите останати иституции со кои ќе се склучува меморандум за соработка, грижа за учениците, давање на помош и развивање на општите хуманистички идеи.

Етичките норми и задачи кои ќе се разгледуваат во текстот кој следи важат за секој ученик во училиштето „Св. Климент Охридски“ - Битола. Овие норми потребно е да се почитуваат. Поради тоа се обврзуваат сите ученици, со својата чест, свесност и одговорност дека ќе ги поддржуваат овие определби и норми како составен дел од својата дејност и кариера.

## I.ОСНОВНИ ПРАВИЛА

Кодексот на однесување на учениците е во согласност со донесениот Правилник за однесување на учениците и за таа цел потребно е да се придржуваат до следните правила на однесување:

- Учениците да доаѓаат навреме пред почетокот на часовите и да влегуваат навреме по звукот на ѕвончето;
- Се забранува користење на мобилните телефони за време на час;
- Не смее да се внесува храна во училницата;
- Учениците не смеат да влегуваат на часот и истиот да го напуштаат без дозвола на наставникот;
- Да се грижат за хигиената во училницата и ходниците;
- Забрането е оштетување на ѕидовите во било каков вид, компјутерите, клупите и другиот инвентар;

- Учениците треба да се придржуваат кон правилата на часот и да бидат дисциплинирани;
- Задолжително да се носи спортска опрема за време на часовите по физичко и здравствено образование;
- Во соблекувалната се соблекува и облекува и таму ги остава своите работи за време на часот;
- Во училиштето да се зборува на литературен македоснки јазик;
- Да се почитува личноста на директорот, наставникот и останатите вработени во училиштето;
- Најстрого се забранува уништување на училишниот инвентар во училниците.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Кодексот на однесувањето на учениците во училиштето стапува во сила со неговото донесување.

02-81/13
23.02.2023година
Битола

Претседател на УО

__________________

Милена Мајсторовска